4. Проект за инфраструктура за оптички кабел на релација Удово-Миравци, КО Градец, Општина Валандово, како прва фаза од трасата (ПИ), со намена Е 1 (комунална инфраструктура) изработен од Еуро партнер груп ДОО Скопје со тех.број 154/2016, од декември 2016 година, PDF и DWG документи,
5. Извештај за извршена стручна ревизија, со тех. број 15-005-032/16, од Декември 2016 година,изработен од К 2 консалтинг ДООЕЛ Скопје .
6. Мислење од Министерство за животна средина и просторно планирање број 11-6316/2 од 10.11.2016 година со кое се произнесува дека за овој вид на градби не треба да се изготви елаборат за заштита на животната средина.
7. Позитивно мислење од Агенцијата за катастар на недвижности за извршено споредување на податоците од Проектот за инфраструктура со податоците од катастарските планови со број 0928-521/2 од 17.01.2017 година,

8. Мислења и согласности согласно закон:

-Мислење од ЈП за државни патишта за со кое се задолжува инвеститорот да извади одобрување за водење на водот покрај регионалниот пат,
-Мислење од ЈП Македонски железници за непостоење на железничка инфраструктура во опфатот на ПИ.
-Мислење од ЕВН КЕЦ Гевгелија 21-1638/2 од 01.12.2016 година,
-Мислење од Министерство за култура-Управа за заштита на културно наследство со број 17-3163/2/2 од 14.10.2016 година за непостоење на евидентирано културно наследство,
-Мислење од Македонски телеком АД Скопје 07-375049/1 од 06.10.2016 година,
-Известување од Министерство за животна средина и просторно планирање 11-5607/2 од 21.10.2016 година.
-Мислење од Министерство за одбрана дека во планскиот опфат нема инсталации 19/1-11/922 од 10.10.2016 година.
-Мислење од Министерство за внатрешни работи дека во планскиот опфат нема инсталации 11.2.56378/2 од 22.09.2016 година.
-Мислење од МЕПСО АД Скопје 02-6276/1 од 13.10.2016 година,
-Известување од ГА-МА Скопје дека не постијат изведени ниту планирани гасоводни системи во планскиот опфат на проектот за инфраструктура.
-Известување од АЕК за постојни инсталкации 1404-3235/2 од 17.10.2016 година.

Општина Валандово по разгледување на доставеното барање и приложената документација, согласно наведениот Закон ја издава бараната Потврда за заверка на одобрен Проект за инфраструктура за оптички кабел на релација Удово Миравци, КО Градец, општина Валандово како прва фаза од трасата

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

Градоначалник
на општина Валандово
Николче Чурлиновски

# ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА ОПТИЧКИ КАБЕЛ НА РЕЛАЦИЈА УДОВО-МИРАВЦИ, КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА ВАЛАНДОВО КАКО I ФАЗА ОД ТРАСАТА (обезбедување на заштита во транспортна електронска комуникациска мрежа на делницата Валандово-Гевгелија-Дојран-Струмица)



ОБЈЕКТ Оптички кабел на релација Удово-Миравци,КО Градец, Општина Валандово како I фаза од трасата

ИНВЕСТИТОР МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД , за електронски комуникации Скопје Кеј 13 Ноември бб Скопје

Изработувач на техничка документација ЕУРО ПАРТНЕР ГРУП ДОО СКОПЈЕ ул Никола Русински 12 -1/4 Ско

**ТЕХ.БРОЈ 154/2016**

**декември 2016**

**ЕУРО ПАРТНЕР ГРУП ДОО Скопје** Tel: 02 3217306 Fax: 02 3217306
Ул Никола Русински 12/1-4 ,1000 Скопје моб 070 378 809
e- mail: natasa.brajkovska@europartnergroup.com ЕМБ 5903190 ЕДБ4030004520891




ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА 1.1
МИНИ ОКНО 1,30x 0,80x
П=1,04м²




## ЛЕГЕНДА:

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ П=502.78м² (0,05ха)
- ГРАНИЦА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА УДМН УДОВО
- ГРАНИЦА НА КАТАСТАРСКА ОПШТИНА
- ГРАНИЦА НА ВОДА
- ЛИНИЈА НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА
- ЕЛЕМЕНТИ НА СООБРАЌАЈНИЦА
- ОСОВИНА НА КОЛОВОЗ
- РЕКА
- РЕГИОНАЛЕН ПАТ УДОВО-МИРАВЦИ Р1025
- МОСТ

**НАМЕНА НА ПОВРШИНИ**

- E1 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА КОРИДОР МИНИ ОКНО
- 1. НУМЕРАЦИЈА НА УРБАН ДЕЛ
- 1.1 НУМЕРАЦИЈА НА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА
- Г.Л. ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ ОГРАНИЧЕНА СО ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

| нумеризација на површина за градење | намена | | мах висина | Висина катност | намена на површина на (m2) | P(m2) површина на градба | бруто P (m2) развиена | процент на изграденост % | коефициент на искористеност |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.1 | E1 | мини окно | / | / | | 1.04 | 1.04 | | |
| | | коридор( подземен оптички вод) | / | / | 501.74 | | | | |
| | | вкупно | | | 502.78 | 1.04 | 1.04 | 100% | 1 |

## ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ




**СООБРАЌАЈНИЦИ**

7
ПАТ КОН МИРАВЦИ

7
ПАТ КОН УДОВО

## УРБАНИСТИЧКО ПРОЕКТНО РЕШЕНИЕ

### СИНТЕЗЕН ПЛАН

0 10 20 50 100

297/765

| | | | |
|---|---|---|---|
| Област: У | Област: УРБАНИЗАМ | Проектира: ДРУШТВО ЗА КОНСАЛТИНГ ,,ЕУРОПАРТНЕР ГРУП ,, | Прилог: У07 |
| Вид на проектот: | ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА | Содржина: СИНТЕЗЕН ПЛАН | Тех. број: 154/16 |
| Градба: | ПРОЕКТ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА НА ОПТИЧКИ КАБЕЛ НА РЕЛАЦИЈА УДОВО-МИРАВЦИ,ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА (обезбедување на заштита во транспортна електронска комуникациска мрежа на делницата Валандово-Гевгелија-Дојран-Струмица) | | Размер: R = 1:1000 Дата: декември 2016 |
| Инвеститор: | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМ АД СКОПЈЕ | Одговорен планер: Анче Димитриевска Толевска, дипл. инж. арх. | Печат на планер: |
| Одговорно лице: | Ана Тотовска | Одговорен проектант: Толевски Кирил дипл. ел.инж. | Печат на проектант: |
| | | Соработници: Јана Јаневска Терзиоска, дипл. инж. арх. | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

Бр. 12-230/2.

24.11.2017.

Одделение за урбанизам,комунални дејности и заштита на животната средина

Графички приказ
на гр.парцела бр.
Опфат на УДНМ Удово

| | |
|---|---|
| ИЗВОД ОД ПЛАН | 08-108/4 од 24.10.1996 год. |
| ДУП: | |
| УП за село: | УДНМ за село Удово |
| УП вон нас. мес.: | |
| Плански период: | |
| Одлука број: | 08-108/4 od 24.10.1996 год. |
| Градба - намена: | |
| Улица: | |
| КО: Градец | КП: ; |
| ДЛ: ___ | М: 1 : 2500 . |

Графички изготви

Илија Матеев

Раководител

Перо Костадинов

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО ВАЛАНДОВО

С Р Македонија

ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

ВАЛАНДОВО БР. 74

Валандово лист $\frac{7L6}{D-3}$ бр.74




Општина Валандово Л. $\frac{7L6}{D-3}$ 1:2500
К.о. Градец-37

Подашоци за снимањешо
а. Фошограметрија
год. 1963

**РАЗМЕР 1:2500**

Еквидисшанција 2,5 м.

Веза на листовите с Општина Валандово
А К.о. Градец

Прегледал шеф на секција
Оверува инспекциони орган

ГЕОДЕТСКА УПРАВА НА С Р М СКОПЈЕ
Директор

ЗАВОД ЗА УРБАНИЗАМ
И СТАНБЕНО КОМУНАЛНА ТЕХНИКА НА СРМ
УЛ. ..ПИТУ ГУЛИ 59А ТЕЛ. 236-608 И 239-302 - Скопје

| фаза | тех бр | лист бр |
|---|---|---|
| | 1713/93 | 2-2 |

ВАЛАНДОВО БР 75

С Р Македонија
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

К.о. ГРАДЕЦ-36, ЈОСИФОВО-10

Валандово лист $\frac{7 L 6}{E\text{-}3}$ бр.75




Општина Валандово Л. $\frac{7 L 6}{E\text{-}3}$ 1:2500
К.о. Градец- 36, Јосифово-10

Податоци за снитањето
а а. Фотограметрија
год. 1963

**РАЗМЕР 1:2500**

Еквидистанција 2,5 m.

Веза на листовите Општина Валандово
А К.о. Градец
В К.о. Јосифово

Прегледал шеф на секција
Оверува инспекциони орган

ГЕОДЕТСКА УПРАВА НА С Р М СКОПЈЕ
Директор

ЗАВОД ЗА УРБАНИЗАМ И СТАНБЕНО КОМУНАЛНА ТЕХНИКА НА СРМ
УЛ. ПИТУ ГУЛИ 59А ТЕЛ. 236-608 И 239-302 - Скопје

| фаза | тех бр | лист бр |
| --- | --- | --- |
| | 1713/85 | 2-3 |

# ВАЛАНДОВО

## СЕЛО "УДОВО"

## УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
Р 1 : 2500

## ПЛАН НА ПРОСТОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

| | | | |
|---|---|---|---|
| ЗУМ ЗАВОД ЗА УРБАНИЗАМ И СТАНБЕНО КОМУНАЛНА ТЕХНИКА НА СРМ<br>УЛ. ПИТУ ГУЛИ 5ФА ТЕЛ. 236-608 И 239-302 · Скопје | Фаза | Тех бр 1713/95 | лист бр 2-1 |

општествена сопственост ... и станбено комунална техника на СРМ ... ЗУМ

домување
центар
основно училиште
костурница
црква
гробишта
парковско зеленило
спортски терени
рекреативно зеленило
пумпа за наводнување
мало стопанство
фарми
сообраќајници
граница на урбанистички опфат

*Република Македонија*
МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА
Управа за заштита на културното наследство

Бр. 17-939/4
04.04.2019. год.
Скопје

ДО

**ИВАНОВ ИНЖЕНЕРИНГ ДОО**
**БИТОЛА**
**ул. Борис Кидрич бр. 12/16**
**7000 Битола**

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање 0302-01/04 од 01.04.2019

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на Општ акт за село Удово, општина Валандово, Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот постојат заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. и тоа Спомен-костурница на паднатите борци од Прва светска војна (4-804-027/004 РНД).

Поради тоа, а во согласност со одредбите од член 71 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, бр.148/11, бр.23/13, бр.137/13, 164/13, 38/14 и 44/14), ве упатуваме да контактирате со НУ Завод за заштита на споменици на културата и музај – Струмица со цел да извршат увид и да утврдат дали има потреба од заштитно-конзерваторски основи за предметниот плански опфат.

Со почит,

ДИРЕКТОР,
***д-р Елеонора Петрова-Митевска***

Изработил: Ф. Доневски
Проверил: м-р С. Герасимова - Матеска
Одобрил: м-р Б. Јовановска

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ

| Примено 05.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилози | Вредност |
| 09 | 349/7 | | |

Арх. знак 0902
Рок на чување трајно
07.11 2019 год.
Потпис.

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. УП 17-684
27.09.2019 год.
Скопје

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА**

ул. „27-ми Март" бр.2

2400 СТРУМИЦА

Предмет: Доставување Решение за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за општ акт за село Удово.

Врска: Ваше барање бр 09-349/5 од 10.09.2019 год.

Во прилог на ова писмо ви го доставуваме Решението за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за општ акт за село Удово, и две (2) заверени копии од основите на понатамошна постапка.

Со почит,

Директор,
*Аџо Костов*

Изработил: О. Зорова

Проверил/Одобрил: м-р Билјана Јовановска


Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев " бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Национална установа
ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ
НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ

| Примено 05.11.2019 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилози | Вредност |
| 09 | 349/7 | | |

Арх. знак 0902
Рок на чување ТРАЈНО
05.11 2019 год.
Потпис,

Република Северна Македонија

**Министерство за култура**

**УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО**

Бр. УП 17-684
27.09.2019 год.
Скопје

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ - СТРУМИЦА**
ул. „27-ми Март“ бр.2
2400 СТРУМИЦА

УПРАВАТА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО, орган во состав на Министерството за култура со својство на правно лице, врз основа на член 71 став 8 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ бр.20/04, бр.115/07, бр.18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18), по барање на НУ Завод за заштита на споменици на културата и Музеј - Струмица, донесе

## РЕШЕНИЕ

за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за општ акт за село Удово

1. **Се одобруваат** Заштитно-конзерваторските основи за третманот на недвижното културно наследство на подрачјето на опфат на село Удово, општина Валандово (бр. 09-349/5 од 10.09.2019 год.), изработени од надлежната установа за заштита на културното наследство, НУ Завод за заштита на споменици на културата и Музеј - Струмица.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

НУ Завод за заштита на споменици на културата и Музеј - Струмица поднесе барање за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи за културно наследство за општ акт за село Удово (бр. 09-349/5 од 10.09.2019 год.).

По увидот во поднесената документација е утврдено дека барањето за одобрување на Заштитно-конзерваторските основи е основано. Основите се изработен и ги содржат сите потребни податоци во согласност со Правилникот за содржината и методологијата за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културното наследство, а во врска со член 71 став 8 од Законот за заштита на културното наследство.

Согласно наведеното е одлучено како во диспозитивот на ова решение.


Управа за заштита на културното наследство
Ул. „Павел Шатев “ бр. 3, Скопје; П.Фах 220
contact@uzkn.gov.mk
+389 2 5517 700
www.uzkn.gov.mk

**Правна поука:** Против ова решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од приемот на решението, преку Управата за заштита на културното наследство.

Со почит,

**Директор,**

***Ацо Коцев***

Изработил: О. Зорова

Проверил/Одобрил: м-р Билјана Јовановска

Nacionalna ustanova
National Institution
Zavod za za{tita na spomenicite
Institute for Protection of Cultural
na kulturata i Muzej - Strumica
Monuments and Museum – Strumica

**НУ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ – СТРУМИЦА**

ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

# ЗАШТИТНО КОНЗЕРВАТОРСКИ ОСНОВИ ЗА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ЗА ОПШТ АКТ НА СЕЛО УДОВО



**Август, 2019 година.**

**СОДРЖИНА:**


**I. <u>ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ</u>**

**1. Правна и програмска заснованост на основите**

**2. Идентификација на подрачјето на опфатот на основите**

2.1. Опис на границите на подрачјето на опфатот

2.2. Вкупна површина на подрачјето на опфатот

2.3. Други релевантни податоци на идентификација

**3. Актуелни планови за подрачјето на опфатот**

3.1. Податоци за видот, називот, доносителот, време на донесување, влегување во сила, рок на важење на важечките просторни и урбанистички планови, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата

3.2. Општ приказ на планските решенија во врска со споменичкото наследство

3.2.1. Општ просторен план

3.2.2. Генерален урбанистички план на село Удово

3.2.3. Оценка на имплементираност на планските решенија и нивен одраз врз споменичкото наследство

**4. Инвентаризација**

4.1. Инвентар на заштитени добра

4.2. Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита

4.3. Инвентар на споменици и спомен бисти во село Удово

**5. Оценка на состојба**

5.1. Анализа на просторниот развој

а) Приказ на историскиот развој на градот

б) Урбан развој

в) Релации со одделни центри на влијание

5.2. Анализа на постојаната состојба

а) Причини за пропаѓањето

б) Претходни градежни интервенции

в) Уредување на селото по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство

5.3. Анализа на развојните потреби, потенцијали и можности

5.4. Проценка на влијанија

**6. Мерки на заштита**

6.1. Валоризација

6.2. Категоризација

6.3. Режим на заштита

6.3.1. Режим на заштита на поединечни добра

6.3.2. Контакна зона – зона на ограничена заштита

6.4. Посебни мерки за заштита

**7. Спроведување на основите**

## II. <u>ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ</u>

1. Граници на опфатот на сателитска снимка М=1:2500
2. Граници на опфатот во однос на заштитеното подрачје М=1:2500
3. Класификација на културното наследство по видови и групи М=1:1000
4. Оценка на состојба – историска датација на објекти М=1:1000
5. Оценка на состојба – претходна состојба М=1:1000
6. Оценка на состојба – сегашна состојба М=1:1000
7. Оценка на состојба – причини за пропаѓање М=1:1000
8. Оценка на состојба – идентификација на отворени простори и зелени површини М=1:1000
9. Оценка на состојба – степен на зачуваност на доброто М=1:1000
10. Мерка на заштита – валоризација М=1:1000
11. Мерка на заштита – категоризација според значење М=1:1000
12. Мерка на заштита – категоризација според загрозеност М=1:1000
13. Мерка на заштита – режим на заштита – степен на заштита М=1:1000

## III. <u>ДОКУМЕНТАРЕН ПРИКАЗ</u>

Дискриптивна документација

- Доказ за регистрација на носителот на изработка на основите
- Доказ за определување раководител и состав на стручниот тим за изработка на основите

- Библиографија

# I. ТЕКСТУАЛЕН ПРИКАЗ

## 1. Правна и програмска заснованост на основите

Заштитно конзерваторските основи за подрачјето дефинирано со границите на опфат, се изработуваат врз основа на “Законот за заштита на културното наследство” (Сл. Весник на РМ бр.20/4, Оддел 3, Интегрирана заштита, односно член 71 – Заштитно конзерваторски основи) и измените на законот на културното наследство (сл. Весник на РМ бр.71/04,115/07,18/11,23/13,137/13,164/13,38/14,44/14,199/14,104/15,154/15,39/16,11/18) според “Правилник за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторските основи на културното наследство” (сл. Весник на РМ бр. 111 од 19.12.2005 година. ) и програмата за изработка на урбанистички планови во Република Северна Македонија за 2018 година.

Според законот за заштита на културното наследство, чл. 71 ст.1, доколку постои културно наследство во границите на планскиот опфат, задолжително се изработуваат заштитно-конзерваторски основи.

Во согласност со чл. 12 ст.5 и ст.8 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (сл. Весник на РМ бр.199/14,44/15,193/15,31/16 и 163/16), во урбанистичките планови за село се вградуваат границите на заштитените добра и детален режим на заштита.

Обврските за изработка на овие основи произлегуваат и од евидентираните објекти кои заслужуваат да бидат ставени под заштита.

## 2. Идентификација на подрачјето на опфатот на основите

### 2.1.Опис на границите на подрачјето на опфатот

Површината на планскиот опфат изнесува вкупно 82,839ха. Во рамки на планскиот опфат издадени се Услови за планирање на просторот, кои ќе се користат при изработката на општ акт за с.Удово општина Валандово. Границата на планскиот

опфат на село Удово, Општина Валандово е прикажана на графичките прилози, за планскиот општ акт за с.Удово

### 2.2. Вкупна површина на подрачјето на опфатот

Површината на планскиот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно 82,839ха.

### 2.3. Други релевантни податоци за идентификација

село Удово, Општина Валаново

## 3. Актуелни планови за подрачјето на опфатот

### 3.1. Податоци за видот, називот, доносителот, време на донесување, влегување во сила, рок на важење на важечките просторни и урбанистички планови, вклучувајќи ги и измените и дополнувањата.

Во постарите плански решенија кои ни беа на располаѓање, споменичкото наследство било само делумно третирано.

За потребите на општ акт за село Удово, општина Валандово за прв пат се изработуваат заштитно конзерваторски основи на културни добра.

### 3.2. Општ приказ на планските решенија во врска со споменичкото наследство

Досега, споменичкото наследство не било третирано со планско решение.

#### 3.2.1. **Општ просторен план**

Основната **стратешка определба** на општиот просторен план е остварување на **повисок степен на вкупната функционална интегрираност на просторот на државата**, како и обезбедување услови за значително поголема инфраструктурна и економска интеграција со соседните и останатите европски земји. Остварувањето на

повисок степен на интегрираност на просторот подразбира **намалување на регионалните диспропорции**, односно квалитативни промени во просторната, економската и социјалната структура.

Основни претпоставки на кои се базира стратегијата на **рамномерен развој** се следните:

– уважување на реалните фактори на развој;

– превземање стимулативни мерки од страна на државните и други фондови и други видови поддршка за програми на локалните заедници и стопанските актери.

Дел од оваа стратегија е поттикнување на соодветни програми за подобрување на квалитетот на живеење во населбите, како и стимулирање на развојот во помалите градови.

**Деметрополизацијата** (селективното пренесување на одделни функции и активности, управно-административни, економски, културни и други, од републичкиот центар во други градови) зацртана во Просторниот план, не значи запирање на неговиот развој, туку неопходност за квалитативната трансформација на просторните и социо- економските структури. Развојот на недоволно развиените, ридски, планински и погранични подрачја базира врз интегрален развој кој подразбира комбинација на фактори, како што се: природните, демографските процеси, сообраќајните и другата инфра и супраструктурна опременост.

Во инвестиционите одлуки за материјалното производство, стриктно се почитуваат локационите, техно-економските и критериумите за заштита на животната средина, кои се усвоени на национално ниво. Една од основните цели на Просторниот план се однесува на рационално користење и заштита на природните ресурси, особено дефицитарните и стратешки значајните за развојот и квалитетот на живеењето во Републиката.

Основните стратешки определби во Просторниот план е приоритетот во **заштита на водите од Прва и Втора класа**, од кои е предвидено да се врши водоснабдување на населените места. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е **заштитата на земјоделското земјиште,** а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновувањето и подобрувањето на квалитетот на шумите. Неопходно е воспоставување на ефикасна контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на норми и стандарди за градба. Во

заштитата на природните и културните вредности и напорите за унапредување на квалитетот на живеењето, посебно тежиште се става на унапредувањето и заштитата на животната средина. Состојбата на животната средина и еколошките барања се битен фактор на ограничување во планирањето на стопанските активности, заради што е неопходна процена на влијанијата врз животната средина. Посебно значење имаат заштитата и промоцијата на вредните природни богатства и поголемите подрачја со посебна намена и со природни вредности, важни за биодиверзитетот и квалитетот на животната средина, како и заштитата и промоцијата, или соодветниот третман на културното богатство согласно со неговата културолошка и цивилизациска важност и значење.

### 3.2.2. Урбанистички план за село

Деталните урбанистички планови се планирани за изработка по зацртаните урбани целини.

### 3.2.3. Оценка на имплементираност на планските решенија и нивен одраз врз споменичкото наследство

Културното наследство во поранешните плански документи немало посебен третман, односно објектите биле означени само како – споменик на културата, без конкретни планови за негово сочувување и презентирање. Имајќи го ова во предвид, од увидот од поранешните урбанистички планови може да се констатира дека единствено предвидените и веќе изведените нови сообраќајници околу спомениците, не ги загрозуваат истите, односно водено е сметка да не ја поминуваат градежната линија на заштитената парцела, додека вршените градежни промени на спомениците се веројатно со дозволи.

# 4. Инвентаризација

## 4.1.Инвентар за заштитени добра

Во планскиот опфат има заштитено добро.

## 4.2. Инвентар на незаштитени добра што заслужуваат да бидат ставени под заштита

Спомен – костурница од Првата светска војна (1914-1918)-
евидентирана со матичен број 4-804-027/004 РНД

| **Бр.1.** |  |
|---|---|
| Назив | Спомен - костурница кај с. Удово (Валандовско) од Првата светска војна |
| Локација | Објектот се ноаѓа доминантна позиција над с.Удово покрај регионалниот пат R 1102 (с.Удово, о.Валандово) |
| Адреса | / |
| Катастарска парцела | КП 3861/2 |
| Опис на содржините | Спомен - костурница претставува православен параклис подигнат во чест на српски војници-жртви во валандовско-удовската акција на Велики петок, 20 март (2 април-нов стил) 1915 година, како и на други српски војници-жртви |

| | |
|---|---|
| | во Првата светска војна. Во приземјето на самиот објект се наоѓа крипта во која се сместени коските на загинатите војници. Спомен костурницата претставува крстокуполен храм - параклис, чија купола е со осумстранен тамбур. На секоја страна од куполите има по едно окно, коешто е врамено во полукружен лак. Влезот во храмот е сместен од западната страна, додека на останатите страни има по една тространа апсида. Објектот е изграден од камен и бигор. Целата конструкција на објектот е градена со бигор и малтерисана со варов малтер, а кровот е изработен од бакар. Цоклето на објектот е изработка на камен и малтер. Во приземјто на објектот се наоѓа криптата во која се положени коските на српските војници -жртви. |
| Време на настанување | Започнато со градба во 1931 година – завршено во 1936 година (Кралство Југославија) |
| Граници на заштитено добро | КП 3861/2 |
| Контактни зони | КП 3861/1 |
| Површина на доброто | 52 м$^2$ |
| Вкупна површина на заштитеното добро | 1079 м$^2$ |
| Автор | Мајстори од Удово ??? |
| Намена | Спомен – костурница од Првата светска војна |
| Вредности и значење | Спомен-костурницата кај с. Удово, Валандовско е изградена во 1936 година (Кралство Југославија) во знак на сеќавање на српските војници – жртви кои учествувале во вооружен инцидент што се случил во месец април 1915 година во градот Валандово и околните населени места. |
| Состојба | Објектот е во релативно добра состојба. Во 1990 година поставени се нови прозорци и влезна врата од дрво. Во |

| | |
|---|---|
| | 2006 години објектот е саниран, бил променет кровот и кровната конструкција, обновена е внатрешната малтарија, како и надворешна одна патека која го опколува објектот. Во истата година обновени се скалите и патеката која води до спомен-костурницата, додека пак скалите што водат до влезната врата на самиот објект се облечени со гранитни плочи. Во 2009 година донесена е струја во самиот објект. |

### 4.3.Инвентар на споменици и спомен бисти во село Удово

Во село Удово нема споменици и спомен бисти

## 5. Оценка на состојбата

### 5.1. Анализа на просторниот развој



*Панорамски изглед на село Удово*

**а) Приказ на историскиот развој на селото Удово**

Селото Удово (Худова) во историските извори за прв пат се споменува во XVI век, како дел од казата Бојмија. Според усните преданија првобтната локација на

населеното место се наоѓала на околу 1 км североисточно од денешното, на местото нарачено „Старо Удово“. Денеска Удово се наоѓа покрај левиот брег на реката Вардар на околу 10 км северозападно од Валандово, на рамничарски предел со надморска височина од  околу 90 метри.




*Топографска карта с.Удово – о.Валандово R = 1:25000*

Според турските пописни дефтери селото Удово во 1570 година имало: 62 христијански семејства, 71 неженет и 2 вдовици.[1] Според податоците на Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique (Етнографија на вилаетите Адрианопол, Монастир и Салоника), издадена во 1878 година во Константинопол, Удово (Houdava) е споменато како село со 100 куќи и 204 жители муслимани.[2] Според статистиките на Васил Кнчов од 1900 година, Удово се наоѓа во Дојранска каза и е населно со 375 турци и 50 роми.[3]

Со изградбата на вардарската железница во 1873 година  (Солун – Скопје), низ Удово поминувала самата линија. Со изградбата на пругата оваа мало населно место

---

[1] Турски документи за историјата на македонскиот народ – опширни пописни дефтери од XVI век за Ќустендилскиот санџак. Том V. книга II. Скопје: Архив на Македонија, 1980, 334-335.
[2] Ethnographie des Vilayets d'Adrianople, de Monastir et de Salonique, Constantinople 1878, 64.
[3] Василъ Кѫнчовъ, Македония Етнография и статистика, издава Българското Книжовно Дружество, София: Държавна печатница, 1900, 162.

станало клучна точка за пренос на стоки и луѓе од Струмичко – валандовскиот регион, затоа и станицата која била изградена овде била наречена „Струмица“.



*Железничка станица Струмица кај с.Удово (најверојатно пред почетокот на Втората светска војна)*





*Остатоци од старта железничка станица во с.Удово (објект за складирање на стока – магацин и дел од главната зграда па станицата)*

Поради значајната стратегиска положба на населеното место Удово, придонела во Првата светска војна овде да биде изграден германско – бугарски воен логор, кој секако бил ставен во служба на Солунскиот фронт кој се наоѓал на околу 30 км од оваа позиција. Покрај воениот логор овде бил изграден германски воен аеродром кој функционирал од 1917 до 1918 година.




*Германско – бугарски логор кај Удово за време на Првата светска војна*




*Панорама на Удово за време на Првата светска војна*



*Воен камп - Прва светска војна*

На 20 март (стар стил) 1915 година, во екот на Првата светска војна, во близина на Удово се случила т.н. Валандовска акција. Упадот бил извршен од страна на Внатрешната македонска револуционерна организација акција против српската жандармерија и војска. Една од целите на нападот била да се изврши уништување на мостот преку кој поминувала железничката линија на реката Вардар, кај станицата Удово, а со тоа да се прекине снабдувањето на српската војска преку линијата Солун – Скопје, која веќе активно учествувала во Првата светска војна.

После големиот земјотрес кој го погодила Валандовско на 8 март 1931 година, регионот бил посетен од југословенскиот крал Александар Караѓорѓевиќ, кој покренува иницијатива за изградба на спомен костурница на загинатите српски војници и офицери во Валандовската акција. Костурницата е завршена во 1936 година, освен војниците кои загинале во Валандовската акција, во истата се положени и коските на уште 2000 српски војници, кои загинале во периодот на Првата светска војна, од Гевгелиско, Дојранско, Струмичко и Неготинско. Објектот се наоѓа на доминантна позиција над с.Удово и визуелно се гледа од сите страни.

Спомен – костурницата кај село Удово, Валандовско (Согледби од историски аспект):

Спомен-костурницата кај с. Удово, Валандовско е изградена во 1936 година (Кралство Југославија) во знак на сеќавање на српските војници – жртви кои учествувале во вооружен инцидент што се случил во месец април 1915 година во градот Валандово и околните населени места. Во литературата и историографијата за овој вооружен инцидент може да се сретнат разни називи и тоа: Валандовска воена провокација (Манол Пандевски и Ѓорги Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, Струмица, 1969, 300.), Валандовска авантура (Историја на македонскиот народ, том 4, автор на томот д-р Иван Катарџиев, ИНИ, Скопје, 2000, 76.), Валандовски покољ (Драгиша Кецојевић, Валандовски покољ, Скопље, 2005, 7-147.), Валандовска акција (www.know.cf/enciclopedia/bg/Валандовска акция; m.focus-news.net) итн. Најблиску до историската вистина е називот: Српско-македонски вооружен инцидент кај с. Удово, Валандовско (В: Новини, ежедневенъ информационенъ вестникъ, Варна, 7 Априлъ 1915 г., Година III, Брой 591.) кој ја одразува самата суштина и причините за избувнувањето на овој вооружен инцидент. Имено, конфликтот кај с. Удово е дел од низата вооружени акции коишто ги преземала Внатрешната Македонска Револуционерна Организација (ВМРО) на почвата на "Вардарска Македонија" по завршувањето на Балканските војни од 1912/1913 година. Цел на овие вооружени судири спроведени во овој период во Битолско, Охридско, Дебарско, Тиквешко и на други места било повикување на општо македонско востание за извојување автономија на Македонија и сл. (В: Драгиша Кецојевић, Валандовски покољ, 57.). Припадниците на вооружните формации на ВМРО кои учествувале во инцидентот кај с. Удово, бугарскиот дневен весник "Новини Варненски" ги именува како македонски востаници (В: Новини, ежедневенъ информационенъ вестникъ, Варна, 7 Априлъ 1915 г., Година III, Брой 591.). Според мислењето на некои автори, настаните кај с. Удово и градот Валандово претставуваат врвот на вооружените акции организирани во тоа време од страна на ВМРО (Историја на македонскиот народ, том 4, 76.) и сл.

Имено, на 2 април (нов стил) 1915 година припадници на вооружените формации на ВМРО (според некои податоци околу 1500 на број) ги нападнале српските воени единици стационирани во Валандово и кај железничката станица во с. Удово. Намерата на овој напад била, меѓу другото, да се оштети и пругата со рушење мостот на реката Вадар за прекин на железничката комуникација Солун – Скопје итн. Подготовките за вооружената акција се извршиле во градот Струмица кој во овој

период претставувал пограничен град (во делот којшто и припаднал на Бугарија) меѓу окупираните македонски територии од страна на Србија и Бугарија уште од времето на Балканските војни (1912/1913). Според К. Ципушев, целокупната организација, вооружувањето и припремата за извршување на акцијата одела во согласност и координација со Тодор Александров и ЦК на ВМРО (В: Историја на македонскиот народ, том 4, 75.; Коце Ципушевъ, 19 години въ сръбскитѣ затвори-Спомени, София, 1943, 45.). Границата меѓу насилно окупираните македонски територии врвела по линија воспоставена приближно меѓу селата Рич и Костурино и понатаму кон планината Беласица. Судирот бил жесток со многу жртви, особено на српската страна. Според некои извори во овој вооружен инцидент настрадале околу 281 српски војник. На спротивната страна, во редовите на ВМРО загубите -во човечки жртви биле помалубројни. Во научната литература што ја третира оваа проблематика може да се сретнат податоци дека оваа вооружена акција била замислена и организирна од воениот аташе на Австро-Унгарија во Бугарија В. Ланса, понатаму дека не изостанала помош во оружје и друго од страна на Австро-Унгарија и Германија. Некои истражувачи сметаат дека горе споменатата акција била организирана со знаење на бугарската влада и сл. (В: Историја на македонскиот народ, том 4, 76.). Треба да се укаже уште и на тоа дека во нападот кај с. Удово учествувале (на страната на ВМРО) и офицери-турци како и војници –по потекло турци, регрутирани од некои струмички села итн. При повлекувањето по жестоката воена акција со четите на ВМРО заминале и околу 5 500 селани од околните села како и од градот Валандово, со нивната стока и со друг движен имот (В: Историја на македонскиот народ, том 4, 76.) итн.

Токму овој српско-македонски вооружен инцидент бил непосреден повод за изградба на Капела-костурница во спомен на српските војници-жртви во валандовско-удовските настани. Спомен-костурницата била изградена во 1936 година (Кралство Југославија) на доминанатна височинка веднаш над с. Удово. Во неа има посебна просторија-крипта (во долниот дел од објектот) кадешто се положени земни остатоци-коски од загинати војници во Валандовско-удовските настани како и од други српски војници кои настрадале во текот на Првата светска војна (1914-1918). Спомен-костурницата постои и денес и таа е споменик на културата со Решение бр. 162 од 11.05.1954 година и Решение бр. 03-422/1 од 1986 година (или 4-804-027/4РНД; В: Архива: ИНДОК- центар при НУ Завод и музеј-Струмица).

Српско-македонскиот вооружен инцидент во валандовско-удовските краишта од месец април 1915 година е непосредно поврзан со Балканските војни и со Првата светска војна. Оваа историско событие исто така е тесно поврзан и со отпорот на ВМРО кон државните стратегии и доктрини на балканските земји Србија, Бугарија и Грција за асимилација на македонскиот народ и за проширување на државните граници за сметка на Македонија.

За време на Втората светска војна железничката станица и мостот на Вардар се разурната од страна на германската војска, која во тој период се повлекувала по вардарската долина. По завршувањето на војната пругара е преместена од другарата страна на реката Вардар.

Удово после Втората светска војна е релативно мало населено место. Поради планот за изградба на ХЕЦ „Градец" во 60-тите години, жителите од с.Градец се иселиле во Удово, со што популацијата во селото значајно се зголемила.

| **Година** | **1900** | **1905** | **1948** | **1953** | **1961** | **1971** | **1981** | **1991** | **1994** | **2002** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Население** | 425 | — | 142 | 220 | 287 | 505 | 827 | 870 | 886 | 851 |

Според официјалниот последен попис на Државниот завод за статистика на Република Македонија во 2002 година, во с.Удово имало 851 жител од кои: 838 Македонци, 7 Турци, 2 Срби и 4 останати. Селото Удово денес влегува во рамките на Општина Валандово, додека во еден мал временски преиод од 1950-1955 година било седиште на истоимената општина.

**б) Урбан развој**

Поради поволната местоположба, плодната почва, како и поволните климатски услови придонеле Удово се прерасне во во развиено населено место, кое примарно се занимавало со земјоделие. Главна стопанска гранка на населението е земјоделството особено одгледувањеето на житни култури, винова лоза, овоштарство, бостан, градинарски култури, тутун и др. За развојот на Удово доста придонела и значајната патна комуникација Е-75 како и железницата која овде поминувала се до крајот на Втората светска војна.

Јадрото на старо Удово било околу железничката станица, а куќите биле концентрацијата долж самата железничка пруга, каде имало изградено угостителски објекти, како и складишта за потребите на железничката станица. Куќите во денешното село се  подредени и со релативно добро средени урбанистички парцели. Селото во поголем дел го пресекуваат три паралелни улица, а истото е терасесто поставен, со благо паѓање на теренот од североисток кон југозапад во правец на реката Вардар, која се наоѓа на околу 300 метри под селото. Во последниве децение селото Удово се проширува на југоисточната страна, каде е изградена нова населба.

Земјотресот во Валандовскиот регион имал катасторфални размери, голем број на објекти и во с.Удово биле разурнати, по што почнало нивно обновување и градење на нови куќи и јавни објекти.



*Удово после земјотресот од 8 март 1931 година (на десната страна од патот се гледа изградбата на зградите на старата општина и старото училиште во с.Удово)*





*Зградите на старата општина и старото училиште во с.Удово*

Во последниве децении во селото Удово се изградени повеќе јавни објекти: основно училиште ОУ „Страшо Пинџур“, пошта, амбуланта и др. Селската црква е посветена на Св.Атанасиј, камен темелникот за изградбата бил поставен на 19 април 1993, а храмот е осветен во 2002 година. Поголем дел од улиците во Удово се асфалтирани, а на дел од локацијата на старата железничката станица денес има изградено мал парк.



*Остатоци од товарната рампа на старата железничка станица во с.Удово, денес парк. На трасата на денешниот асфалтен пат порано поминувала железничката пруга*



*Основно училиште ОУ Страшо Пинџур - с.Удово*



*Црквата Св.Атанасиј во с.Удово*

**в) Релации со одделни центри на влијание**

Удово се наоѓа во југоисточниот регион на Република Македонија, во историско - географската област Бојмија, дел од Гевгелиско - валандовската котлина, на левиот брег на Вардар. Денешното село Удово лежи на просечна надморска височина од 90 метри во подножјето на Градешка Планина. Поволната местоположба на оваа населба низ вековите ќе и овозможи брз развој, пред сè поради поставеноста покрај значајна комуникација Скопје - Солун и на помалку од половина километар од течението на рекатa Вардар.

Пред да се изгради новата трасата на автопатот Е-75, истиот поминуваше покрај смото Удово. На автопатската и магистралната патна мрежа се надоврзуваат регионалните патишта, што заедно со локалните категоризирани патишта ќе ја сочинуваат патната мрежа на Република Македонија. Релевантен регионален патен правец за предметната локација според Просторниот план на Република Македонија (2002 - 2020 г.) влегува во групата на регионални патишта "Р1" и е со ознака: – R1105 - (Пирава- Јосифово-Удово).

Удово се наоѓа во непосредна близина на регионалниот центар Валандово на само 12,3 км патна оддалеченост; 27,8 км од Гевгелија; 34,9 км од Струмица, а додека од поголемите градски центри: Солун на помалку од 110 км и Скопје на 130 км.

## 5.2.Анализа на постојната состојба

Населеното место Удово е со современи градби на станбени објекти, досега нема евидентирано традиционална стара архитектура. Поголем број од приватните куќи се на еден или два спрата. Објектото кој е евидентиран како заштитено културно наследство - Спомен костурницата на паднатите борци од Првата светска војна (4-804-027/004 РНД) ги има зачувано речиси сите елементи од старата архитектура иако во последниве децении се вршени доста обнови.

Објектот има имотен лист бр.759 на КП 3861/2 – КО Градец, а земјиштето е во сопственост на Република Македонија. Спомен – костурницата се наоѓа над селото на благо возвишение кое доминира на околниот простор. Објектот започнал да се гради во 1931 година, а изградбата завршила во 1931 година.

Спомен - костурница претставува православен параклис подигнат во чест на загинатите српски војници во валандовско-удовската акција на Велики петок, 20 март (2 април) 1915 година, како и на останатите загинати српски војници во подрачјето во периодот на Првата светска војна. Во приземјето на самиот објект се наоѓа крипта в која се сместени коските на загинатите војници.





*Крипта во спомен костурницата – с.Удово*

Спомен костурницата претставува крстокуполен храм - параклис, чија купола е со осумстранен тамбур. На секоја страна од куполите има по едно окно, коешто е врамено во полукружен лак. Влезот во храмот е сместен од западната страна, додека на останатите страни има по една тространа апсида. Објектот е изграден од камен и бигор. Целата конструкција на објектот е градена со бигор и малтерисана со варов малтер, а кровот е изработен од бакар.

 

*Изглед на спомен – костурницата (с.Удово) од  југозапад и југоисток*



*Купиола на спомен костурница*




*Внатрешен изглед на спомен костурницата*

Објектот е во релативно добра состојба. Во 1990 година поставени се нови прозорци и влезна врата од дрво. Во 2006 години објектот е саниран, бил променет кровот и кровната конструкција, обновена е внатрешната малтарија, како и надворешна одна патека која го опколува објектот. Во истата година обновени се скалите и патеката која води до спомен-костурницата, додека пак скалите што водат до влезната врата на самиот објект се облечени со гранитни плочи. Во 2009 година донесена е струја во самиот објект.




*Пристапна патека и скалила до спомен костурницата*

**а)** Причини за пропаѓањето

Постојат различни причини за пропаѓање на објектот:

- Подол временски период не биле превземени интервенции за подобрување на општата состојба.
- При изведување на градежните интервенции отсуствува стручниот надзор и следење на состојбите.
- Ненавремено не е направена евиденција и валоризација.

На објектот се вршени доста санациони интервенции, поради појавени извесни причини за нејзино пропаѓање. Неможеме да кажеме дали со земјотресот кои го погодоил овој регион во 1993 година страдала и костурницара. Покрај обновата на малтаријата во внатрешноста на објектот е извршена и интервенција на кровот и кровниот покривач кој е заменет со бакарен кров. Внатрешноста на објектот, како и скалилата пред влезот се покриени со гранитни плочки.



*Скалила и влезна врата на костурницата*

Во внатрешноста на објектот има присуство на капиларна влага, на куполата и страничните ѕидови. Нјаверојатно поради поставувањето на надворешна одна патека која го опколува објектот, се појавила и влага во приземјето, односно во криптата каде се сместени коските.







*Оштетување во внатрешноста на спомен костурницата*

На спомен - костурницата се извршени повеќе интервенции, не можеме да кажеме дали тие ја имаат нарушено автентичноста на објектот, со промена на кровниот покривач, подот, внатрешната малтарија и др. Во изработката на елаборатот за валоризација ќе треба да се направат поисцрпни истражувања за откривање на првобитната состојба на објектот.

Поради нарушената автентичност, оценката на состојбата на објекот ја дефинираме како **делумно автентична состојба**. Степенот на зачуваност на објектот го дефинираме како **добра зачуваност**.

Причината за пропаѓање на доброто се класифицира во **групата А** – причини поврзани со природни појави, како земјотреси, капиларна влага и подземни води.

Уште една причина за пропаѓање на доброто може да се класифицира и во **групата Г** – причини поврзани со деструктивни активности на човекот, како неконторлирана градба на објектот со нејзините поправки, доградби, отстранување на стариот и изведба на нов кров, како и други интервенции.

**б)** Претходно градежни интервенции

На Спомен костурницата извршени се повеќе градежни интервенции во внатрешност така и на нејзиниот надворешен дел, овие зафати се прикажани и опишани во горниот дел на текстот. Сите овие интервенции се без конзерваторски проект и не се применети методи за заштита.

**в)** Уредување на населеното место по урбани блокови, пристапни патишта и друга урбана структура до споменичкото наследство

Пристапните патишта од другите населни места кои водат до селото Удово се асфалтирани, односно овде поминува регионалниот пат со ознака: – Р1105 - (Пирава – Јосифово - Удово). До сите делови од населеното место има пристапни асфалтирани улици.

Општиот акт на село Удово е во подготовка и согласно изготувањето на заштитно конзерваторските основи од наша страна ќе се утврдат урбаните блокови на селото.

За останатите објекти во планскиот опфат на село Удово нема евидентирано ниту еден објект со карактеристична архитектонска – стилски карктеристики, ниту пак во изминативе години се направени некои истражувања кои ќе придонесат за маркирање на ваков тип на објекти.

Во населнеото место постојат неколку јавни објекти како: основно училиште, градинка, амбуланта, пошта, отворено игралиште и др., кои се во добра состојба и функционираат.

### 5.3. Анализа на развојните потреби, потенцијал и можности

Спомен костурницата на паднатите српски војници во Првата светска војна допринесува за одржување на верската традиција, одбележување на историски настан, место за поклонение на српскиот народ, развој на културниот туризам, едукација и слично.

### 5.4. Процена на влијанија

Негативни влијанија на споменичкото добро се предизвикани од вршење на градежни интервенции без вклучување на стручни лица од обласата на заштитата на културното наследство, што довело во изминатиот период доброто делумно да ја изгуби својата автентичност.

Постапувањето според насоките во заштитно конзерваторските основи обезбедува донесување на плански решенија кои нема да бидат во спротивност со законските акти од доменот на наследството, што ќе овозможи услови за нивна соодветна имплементација. На тој начин ќе се избегнат импликации од забрзана урбанизација и ќе се овозможи вклучување на културното наследство во современиот урбан развој.

# 6. Мерки на заштита

## 6.1. Валоризација

Спомен - костурница на паднатите борци од Првата светска војна кој заслужува да биде ставен под заштита. Објектот е евидентиран со матичен број 4-804-027/004 РНД.

| | |
|---|---|
| **Бр.1.** |  |
| Назив | Спомен - костурница од Првата светска војна |
| Локација | Објектот се ноаѓа доминантна позиција над с.Удово покрај регионалниот пат R 1102 (с.Удово, о.Валандово) |
| Адреса | / |
| Катастарска парцела | КП 3861/2 |
| Опис на содржините | Спомен - костурница претставува православен параклис подигнат во чест на загинатите српски војници во валандовско-удовската акција на Велики петок, 20 март (2 април) 1915 година, како и на останатите загинати српски војници во подрачјето во периодот на Првата светска војна. Во приземјето на самиот објект се наоѓа крипта в која се сместени коските на загинатите војници.<br><br>Спомен костурницата претставува крстокуполен храм - |

| | |
|---|---|
| | параклис, чија купола е со осумстранен тамбур. На секоја страна од куполите има по едно окно, коешто е врамено во полукружен лак. Влезот во храмот е сместен од западната страна, додека на останатите страни има по една тространа апсида. Објектот е изграден од камен и бигор. Целата конструкција на објектот е градена со бигор и малтерисана со варов малтер, а кровот е изработен од бакар. Цоклето на објектот е изработка на камен и малтер. Во приземјто на објектот се наоѓа криптата во која се положени коските на српските војници. |
| Време на настанување | Започнато со градба во 1931 година – завршено во 1936 година (Кралство Југославија) |
| Граници на заштитено добро | КП 3861/2 |
| Контактни зони | КП 3861/1 |
| Површина на доброто | 52 $м^2$ |
| Вкупна површина на заштитеното добро | 1079 $м^2$ |
| Автор | Мајстори од Удово |
| Намена | Спомен – костурница од Првата светска војна |
| Вредности и значење | Спомен-костурницата кај с. Удово, Валандовско е изградена во 1936 година (Кралство Југославија) во знак на сеќавање на српските војници – жртви кои учествувале во вооружен инцидент што се случил во месец април 1915 година во градот Валандово и околните населени места. |
